ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА
http://www.osvinica.mk/

Ознака на списот: ПРК-С-374/2009
Евиденција: 06.02.2012
Предевиденција:

# ДОСТАВНИЦА

за лично доставување

| Примач: Душко Стојанов, „ Крум Вранински“ 27, Кочани | Име на актот што се доставува: Пресуда од 24.12.2009 г.<br>Број на прилозите: 1 (вкупно 3 страни) |
|---|---|

Потврдувм дека горе назначениот акт го примив на ден (со букви):
_____________________________________________________________ .

________________________________
(Потпис на примачот)

____Јулија Андонова, с.р.____
(Потпис на доставувчот)

Оставено во судски преградок - **огласна табла** на ден: **06.02.2012.**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основниот суд во Виница, како првостепен прекршочен суд, преку судијата Васка Петрова, со записничар Светлана Михаилова, постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од Полициска станица - Штип од Штип, бр. 31.13.1-2/2823, од 31.08.2009 година, против обвинетиот Душко Стојанов од Кочани, за прекршок по чл.234 ст.1 од ЗБСП, на ден 24.12.2009 година, ја донесе следната:

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ**: Душко Стојанов од Кочани, роден на 03.11.1967 година во с.Цера, Кочани, со ЕМБГ0311967493002 со живеалиште во Кочани, на ул. Крум Вранински бр.27, писмен со завршено средно образование, женет, татко на едно малолетно дете, вработен во „Статика М- ком" Кочани, прима плата во износ од 12.000,00 денари, истрага против истиот не се води, Македонец, Државјанин на РМ,

**ВИНОВЕН Е,**

**ЗАТОА ШТО**

На ден 29.07.2009 година во 00.40 часот во сообраќај во Виница по улицата „Илинденска", управувал ПМВ марка Мерцедес со рег број ШТ 791-ОС, под дејство на алкохол, со присуство на алкохол во организмот од 0,79г/кг.

Со опишаното дејствие обвинетиот сторил прекршок по чл.234 ст.1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, дополнет и изменет со чл.64 од ЗИД на ЗБСП, поради што а согласно чл.2, 13, 14, 15, 25, 31, 113, 114, 117 и 118 од Законот за прекршоците и чл.32 и 39 од КЗ , му се изрекува

**Г Л О Б А**

Во износ од 250 евра во денарска против вредност од 15.375,00 денари(петнаесет иљади триста седумдесет и пет денари) денари, сметајќи по 61,50 денари за едно –1 евро.

Глобата обвинетиот е должен да ја плати во рок од 15 дена од денот на правосилноста на пресудата, на сметка бр. 100000000063095, уплатна сметка 840-112-06852, приходна шифра 724153 - 00, Народна банка на РМ, во спротивно паричната казна присилно ќе биде наплатена.

СЕ ЗАДОЛЖУВА, обвинетиот во истиот рок кога и паричната казна да плати трошоци во постапката во износ од 1.500,00 денари, од кои 500 денари трошоци за сведок и 1.000,00 денари паушални трошоци, на Буџет на РМ, Народна банка на Р.М. сметка 100000000063095, уплатна сметка 840112-06137, приходна шифра 724132 - 00, во спротивно истите присилно ќе бидат наплатени.

На основа чл.21 од ЗП а во врска со чл.234 ст.6 од ЗБСП, на обвинетиот му се изрекува прекршочна санкција „ЗАБРАНА НА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО ОД „Б" КАТЕГОРИЈА во траење од 3 месеци.

По првосилноста на пресудата прекршочната санкција ќе ја изврши МВР - СВР Штип - ПС Кочани.

**О б р а з л о ж е н и е**

МВР - СВР - ПС Виница до овој суд поднесе барање бр.31.13.1-2/2823 од 31.08.2009 година година за поведување на прекршочна постапка против обвинетиот Душко Стојанов од Кочани, за прекршок по чл.234 ст.1 од ЗБСП в.в. со чл.64 од ЗИД на ЗБСП.

На основа наводите во барањето судот закажа и одржа претрес на кој во отсуство на претставник на подносителот на барањето за кој има доказ дека е уредно повикан, го распита обвинетиот и изведе доказ со читање на записник за извршено испитување алкохолистаност кај возач со апарат Дрегер, платен налог за наплата на глоба бр. 299060, потврда за привремено одземање на возачка дозвола, наредба за исклучување од

сообраќај, го сослуша сведокот Љупчо Сарангелиев- полицаец во МВР-СВР Штип и изврши соочување помеѓу обвинетиот и сведокот Љупчо Сарангалиев.

Врз основа на наводите во барањето, изведените писмени и усмени докази и одбраната на обвинетиот судот ја утврди фактичката состојба како во диспозитивот на пресудата, врз основа на што утврди дека обвинетиот го сторил прекршокот што му се става на товар.

Обвинетиот Душко Стојанов од Кочани во своја одбрана ги негираше наводите во барањето, дека на наведениот ден време и место , возилото го управувал со присуство на алкохол во неговиот организам од 0,79г/кг. Тој непосредно пред контролата консумирал алкохол-пиво заедно со друго лице и испиле заедно едно пиво од 1,5 л. Кога бил подложен на испитување со апарат алкотест Дрегер, тој дувал во апаратот и апаратот покажал присуство на алкохол во неговиот организам од 0,79г/кг. Барал да му се земе крв и урина за анализа на алкохол и одбил да го потпише записникот за извршено алкотестирање, како и платниот налог за наплата на глоба , затоа што сметал дека немал толкаво количество на алкохол во организмот.

Судот го сослуша полицаецот Љупчо Сарангелиев кој непосредно го констатирал прекршокот и изврши соочување помеѓу полицаецот и обвинетиот, на околноста кое присуство на алкохол го покажал апаратот, дали обвинетиот го има видено количеството на алкохол на апаратот и дали барал земање на крв и урина за анализа на алкохол.

Од исказот на сведокот и извршеното соочување помеѓу обвинетиот и сведокот, судот поклони полна верба на исказот на сведокот кој децидно го опиша настанот, контролата и начинот на кој било констатирано дека обвинетиот има алкохол во организамот од 0,79гр/кг, испитувањето било извршено со апарат Дрегер бр.191, баждарен за 2009 година и да обвинетиот не барал да му се земе крв и урина заради анализа на алкохол.

Од сето напред наведено судот одбраната на обвинетиот ја отфрли како неоснована и непоткрепена со докази, дадена со цел да се избегне прекршочната одговорност за сторениот прекршок.

За сторениот прекршок судот на обвинетиот му изрече глоба во износ од 250 евра, која е во границите на пропишаната глоба за овој вид на прекршок. Судот е со уверување дека изречената санкција одговара на степенот на одговорноста на сторителот и тежината на сторениот прекршок и како таква ќе ја постигне целта на казнувањето по чл.32 од КЗ и воспитно и поправно ќе дејствува на обвинетиот.

Прекршочната санкција Забрана на управување со моторно возило, судот ја изрече на обвинетиот согласно чл.21 од Законот за прекршоците а во врска со чл.234 од ЗБСП и чл.64 од ЗИД на ЗБСП .

За трошоците во постапката судот одлучи согласно чл.123 ст.1 и чл.122 ст.1 т.6 од Законот за прекршоците.

Записничар,
Светлана Михаилова

Судија,
Васка Петрова

ПОУКА:Рок за жалба 8 дена од денот на приемот
преку овој суд до Апелациониот суд Штип.